# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 16 септември 1996
Скопје
Број 50 Год. LII

Аконтацијата за 1996 година изнесува 6.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**942.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за локални избори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/96), Претседателот на Собранието на Република Македонија на 16 септември 1996 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

I

Се распишуваат избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје.

II

Роковите за извршување на изборните дејства почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението.

III

Изборите ќе се одржат на 17 ноември 1996 година.

IV

Решението ќе го спроведат општинските изборни комисии, а за Град Скопје Изборната комисија на Град Скопје.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 08-3330/1
16 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**943.**

Врз основа на член 12, став 2 од Одлуката за основање на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза“ („Службен весник на РМ“ бр. 32/92) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 август 1996 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ „АГРО-БЕРЗА“ - СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза“ - Скопје се именува Живко Поповски, дипломиран инженер агроном, советник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2333/2
26 август 1996 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**944.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 август 1996 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

1. За директор на Републичката управа за ветеринарство, во состав на Министерството за земјоделство. шумарство и водостопанство, се именува Иван Табаковски, ветеринарен лекар, претседател на Собранието на општина Ресен.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2334/2
26 август 1996 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**945.**

Врз основа на член 12, став 2 од Одлуката за основање на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза“ („Службен весник на РМ“ бр. 32/92) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 август 1996 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ „АГРО-БЕРЗА“ - СКОПЈЕ

1. Се разрешува д-р Александар Мурарцалиев, дипл. агроекономист од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза“ - Скопје, поради истек на времето за кое е именуван.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2336/2
26 август 1996 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**946.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 август 1996 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА

1. За помошник на министерот за одбрана, кој ќе раководи со Секторот за кадровски и правни работи се назначува Салтир Каровски, дипломиран правник, досегашен помошник на министерот за одбрана и раководител на Секторот за инспекциски работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2344/2
26 август 1996 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**947.**

Врз основа на член 30-д од Законот за јавно обвинителство („Службен весник на РМ" број 80/92, 19/93, 9/94, 9/96), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ И НИВНИТЕ ЗАМЕНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за образецот и постапката за издавање и за одземање на службени легитимации на јавните обвинители и нивни заменици („Службен весник на РМ" број 34/96), во член 5 став 4 од Правилникот, последната реченица се менува и гласи: „Во горниот лев агол е заштитниот знак на мечот на правдата со вага" (Образец бр.1).

Во членот 5 став 7 се менува и гласи: „Третата внатрешна страна на службената легитимација го претставува симболот на правдата мечот со вага. Мечот е со златна боја, на тегет основа, со рамка чија горна половина е во бела боја на која пишува „Република Македонија", а долната половина е со ловоров венец со златна боја". (Образец број 2).

Член 2

Обрасците број 1 и 2 се составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1321/2
6 септември 1996 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Владо Поповски**, с.р.

Образец број 1

- Заштитен знак на прва внатрешна страна



Образец број 2

- Трета внатрешна страна



**948.**

Врз основа на член 85 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 36/95), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ НА СУДИИТЕ И СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО СУДОТ И НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА - СЕКТОР ЗА СУДСТВО

Член 1

Во Правилникот за образецот и постапката за издавање и за одземање на службени легитимации на судиите и службените лица во судот и на службените лица во Министерството за правда - Сектор за судство („Службен весник на РМ“ број 34/96), во член 5 став 4 од Правилникот, последната реченица се менува и гласи: „Во горниот лев агол е заштитниот знак на мечот на правдата со вага“ (Образец бр.1).

Во членот 5 став 7 се менува и гласи: „Третата внатрешна страна на службената легитимација го претставува симболот на правдата мечот со вага. Мечот е со златна боја, на тегет основа, со рамка чија горна половина е во бела боја на која пишува „Република Македонија“, а долната половина е со ловоров венец со златна боја“. (Образец број 2).

Член 2

Обрасците број 1 и 2 се составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1321/2
6 септември 1996 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Владо Поповски**, с.р.

Образец број 1

- Заштитен знак на прва внатрешна страна



Образец број 2

- Трета внатрешна страна




**949.**

Врз основа на член 47 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“, бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА БАЊСКО И КЛИМАТСКО ЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИ ИНВАЛИДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат медицинските индикации и контраиндикации за бањско и климатско лекување на воените инвалиди, траењето на лекувањето, условите, постапката и начинот за остварување на бањско и климатско лекување на кое воените инвалиди имаат право согласно член 47 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: Законот).

Член 2

На бањско и климатско лекување може да се упати воен инвалид кој во текот на последната година интензивно е лекуван со современи медицински мерки и средства од болеста наведена како индикација во Листата на медицинските индикации и контраиндикации за бањско и климатско лекување (во натамошниот текст: Листата), што е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел.

Кога воениот инвалид е лекуван од повеќе болести, лекарската комисија ќе одлучи поради која болест инвалидот треба да се упати на бањско и климатско лекување.

Член 3

Бањското и климатското лекување трае 21 ден.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, на воен инвалид, во првата година по завршеното болничко лекување по претрпен мозочен удар со фатеност на екстремитетите, срцев инфаркт, тежок прелом на 'рбетот, долгите коски и големите зглобови, лекарската комисија може да му одобри бањско и климатско лекување во траење од 30 дена, ако таа комисија оцени дека е неопходно подолго бањско и климатско лекување.

Член 4

На бањско и климатско лекување од определена болест воениот инвалид по правило, може да се упати само онолку пати колку што во Листата е пропишан бројот на лекувањата од таа болест.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во случај на потешко влошување на болеста и по спроведеното интензивно лекување со современи медицински мерки и средства, воениот инвалид може да се упати на лекување само ако лекарската комисија смета дека такво лекување е неопходно и дека пред тоа лекување се исцрпени сите други медицински оправдани мерки и средства.

Член 5

Воениот инвалид може да користи бањско и климатско лекување само еднаш во текот на календарската година.

Член 6

На барање на воениот инвалид, предлог за упатување на воениот инвалид на бањско и климатско лекување дава избраниот лекар во примарната здравствена заштита (во натамошниот текст: лекарот) кај кого воениот инвалид се лекува и кај кого се наоѓа медицинската документација за здравствената состојба и за лекувањето на воениот инвалид.

Предлог за бањско и климатско лекување се дава на Болесничка листа за бањско и климатско лекување на воен инвалид (во натамошниот текст: болесничка листа).

Образецот на болесничката листа е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел (образец бр. 1).

Член 7

Кога лекарската комисија ќе утврди дека се исполнети условите за бањско и климатско лекување, ќе определи специјализирана здравствена организација во која во лекувањето се применува и природен фактор, друга здравствена организација во која лекувањето се врши претежно со природен фактор, односно организација основана за одмор и рекреација и во која во лекувањето се применува природниот фактор (во натамошниот текст: лекувалиште).

Член 8

Лекарската комисија го дава своето мислење по предлогот на лекарот за бањско и климатско лекување на воениот инвалид по увидот во медицинската и во друга документација за здравствената состојба и лекувањето на воениот инвалид или по извршениот преглед на воениот инвалид.

Мислењето на лекарската комисија по барањето на воениот инвалид за бањско и климатско лекување се доставува до подрачната единица во општината, која го известува воениот инвалид за наодот на лекарската комисија.

Член 9

Против мислењето на лекарската комисија воениот инвалид може да изјави приговор до комисијата на лекари – вештаци. Приговорот се изјавува во рок од осум дена од денот на известувањето за мислењето на лекарската комисија.

Член 10

На воениот инвалид кому му е признато правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, може да му се одреди придружник за време на бањското и климатското лекување, доколку во лекувалиштето не е обезбедена постојана нега и помош на корисниците.

На неподвижен или тешко подвижен и потполно слеп воен инвалид, лекарската комисија му определува придружник за време на користење на бањското и климатското лекување.

Лекарската комисија може на воениот инвалид да му определи придружник само за време на заминување на бањско и климатско лекување и враќање назад.

Член 11

Болесничката листа со која на воениот инвалид му е одобрено бањско и климатско лекување, подрачната единица во општината ја доставува во рок од осум дена до лекувалиштето означено во болесничката листа.

Член 12

Ако воениот инвалид од оправдани причини (смртен случај во семејството, болест и сл.) е спречен во определениот ден да го почне лекувањето, веднаш го известува лекувалиштето што го повикало на лекување.

Воен инвалид без писмена покана не може да се прими на лекување во лекувалиштето.

Член 13

Воениот инвалид може да го прекине започнатото бањско и климатско лекување во случај на смрт на член на потесното семејство и кога е спречен да го продолжи лекувањето поради заминување на стационарно лекување или поради виша сила.

Воениот инвалид ќе го продолжи започнатото лекување во времето за кое ќе се договори со лекувалиштето.

Член 14

За одобрените односно за одбиените барања на воените инвалиди, за упатување на бањско и климатско лекување, се води евиденција врз основа на податоците од болесничката листа.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води на образецот Картон за бањско и климатско лекување на воен инвалид, што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел (образец бр. 2).

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 12-493/1
30 август 1996 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Насер Зибери,** с. р.

# ЛИСТА

# НА МЕДИЦИНСКИТЕ ИНДИКАЦИИ И КОНТРАИНДИКАЦИИ ЗА БАЊСКО И КЛИМАТСКО ЛЕКУВАЊЕ

## А. Бањско лекување

### I. ИНДИКАЦИИ

Бањско лекување во соодветна здравствена организација е индицирано за следните болести:

1. болести на желудникот:

а) чир на желудникот по рендгенски потврдена санација постигната со медикаментозно лекување - двапати во текот на последните пет години;

б) дуоденален чир во фаза на клиничка ремисија - двапати во текот на последните пет години;

в) состојба по операција на желудникот и ресекција на цревата - двапати по операцијата;

2. болести на цревата:

а) тешки и упорни форми на колитис, ако е потхранет - двапати во текот на последните пет години;

3. болести на црниот дроб:

а) реконвалесцентни состојби по медикаментозно лекување на акутен хепатитис - двапати по лекувањето;

б) постхепатитична состојба или хроничен хепатитис со изразено растројство на функцијата на црниот дроб - двапати во текот на последните пет години;

в) компензирана цироза на црниот дроб - двапати во текот на последните пет години;

4. болести на жолчниот меур и жолчните патишта:

а) состојба по отстранување на жолчниот меур - двапати по операцијата;

б) панкреатитис во реконвалесценција и хроничен панкреатитис - трипати во текот на последните пет години;

в) по ресекција на панкреас - двапати по операцијата;

5. болести на бубрезите и мочните патишта:

а) состојба по операцијата на бубрезите и мочните патишта - двапати по операцијата;

б) уролитијаза со можност за спонтана елиминација - двапати во текот на последните пет години;

6. болести на женските полови органи и дојки:

а) хронични воспалителни процеси и состојби по големи оперативни зафати (uterus, adnexa, mamma) по болничкото лекување - трипати во текот на последните пет години;

7. болести на локомоторниот апарат:

а) ревматоиден артритис со позитивен серолошки наод - со ревма фактор - секоја втора година;

б) псоријатичен артритис во сите фази - трипати во последните пет години;

в) спондилитис анкилопоетика (M.Bechterew ) - секоја втора година до настапувањето на конечни анкилози;

г) болни состојби предизвикани од дегенеративни ревматски промени на 'рбетниот столб, зглобовите и локомоторниот апарат (артроза, полиартроза, спондилоза, спондилоартроза) - двапати во текот на последните пет години;

д) деформитети на 'рбетниот столб (кифозис, сколиозис, коксавара, крура-вара итн), следени со тешки статодинамички растројства - двапати во текот на последните пет години;

ѓ) екстраартикуларен ревматизам (тендовагинитис, миозитис, перкартритис, итн.) следен со упорни болки, со контрактури и со други функционални испади - еднаш во текот на последните пет години;

е) остеогени, артрогени, миогени и десмогени контрактури, како и декомпензирани дископатии пред операција односно по операција еднаш пред, односно по операција;

ж) ампутациони чкунки во случаи на потешка хипотрофија на мускулите, на развој на контрактури и декубитални улцери, кај подготовки за промена на протези - секоја втора година;

з) состојба по завршено болничко лекување поради тешки кршења на 'рбетот, долгите коски или големите зглобови - во специјализирани организации - двапати по болничко лекување;

8. болести на метаболизмот и ендокрини болести:

а) шеќерна болест добро терапевтски урамнотежена - трипати во текот на последните пет години;

9. болести на периферниот и централниот нервен систем;

а) невритис, полиневритис, полиневропатија и невралгија (токсичен, воспалителен, метаболичен или травматски) по клиничка обработка и медикаментозна терапија - двапати во последните пет години;

б) фантомска болка, клинички потврдена - двапати во последните пет години;

в) состојба по оперативен зафат на периферниот и централниот нервен систем - трипати по операција;

г) пarези, плегии (моно, хеми, пара) по завршеното болничко лекување - трипати во текот на последните пет години;

д) прогресивна мускулна дистрофија и други миопатии по болничкото лекување или по медикаментозната терапија;

ѓ). мултипна склероза, сирингомиелија, Паркинсонова болест, по завршена клиничка обработка и лекување и посебни препораки за балнеокинези-терапија во специјализирана здравствена организација со природен фактор на лекување - трипати во последните пет години;

10.коронарна болест - состојба по оперативни зафати на срцето, на коронарните и големите артерии;

а) состојба по инфаркт на миокардот заради рехабилитација - само во специјализирана здравствена организација со природен фактор на лекување - трипати по инфарктот;

б) состојба по оперативни зафати на срцето, на коронарните и големите крвни садови, по завршеното клиничко лекување - само во специјализирана здравствена организација со природен фактор на лекување - трипати по операцијата;

в) манифестни и лабораторски утврдени состојби на ангина пекторис - двапати во последните пет години;

г) хронични прогредиентни опструирачки болести на артеријата на екстремитетите од прв и втор степен, конзервативно или оперативно лекување - трипати во текот на последните пет години.

II.КОНТРАИНДИКАЦИИ

Бањско лекување е контраиндицирано за следните болести:

1. според општата контраиндикација:

а) сите акутни фебрилни состојби;

б) сите облици на туберкулози на белите дробови или на други органи, со знаци на активитет;

в) кахектични и дементни состојби;

г) состојба по прележано инфективно заболување и пообемно крварење во траење до три месеци;

д) крвни болести - пернициозна анемија, тешка анемија, хеморагична дијатеза, панмијелофтиза, агранулоцитоза;

2.болести на желудникот:

а) чир на желудникот во фаза на еволуција (со рендгенски видлива ниша);

б) изразени стенози на пилорусот и дуоденумот;

в) чир на дванаесетопрсното црево со компликации (пенетрација, перфорација, крварење) или со зачестени кризи на болките;

3. болести на цревата:

субоклузии;

4. болести на црниот дроб:

а) цироза на црниот дроб со езофагеални варикозитети или асцитес (декомпензирана цироза на црниот дроб);

б) апсцес на црниот дроб;

5. акутни болести на жолчниот меур и жолчните патишта:

а) камен на жолчниот меур или жолчните патишта;

б) хидропс на жолчниот меур;

6. акутни болести на бубрезите и мочните патишта;

а) потешки облици на акутен нефритис и субдекомпензирана состојба на бубрезите;

б) непроодни мочни патишта следени со секундарна инфекција и хидронефроза;

7. состојба и болести на женските органи:

а) бременост;

б) метрорагија;

8. болести на зглобовите:

ревматска треска во фаза на еволуција со промени на срцето и без промени на срцето.

9. болести на периферниот и централниот нервен систем:

а) потешки органски болести на централниот нервен систем, како што се активни воспалителни заболувања, експанзивни процеси, хередидегенеративни заболувања;

б) епилепсија, освен при упатување во стационарна здравствена организација со природен фактор на лекување;

в) потешки психози и психопатии;

10. болести на ендокриниот систем:

а) тежок облик на шеќерна болест склон на ацидоза;

б) други потешки ендоктрини болести (Sy Cushing, Mb Simmonds, акромегалија, манифестна тетанија и др.);

11. болести на белите дробови:

емфизем на белите дробови со респираторна инсуфициенција од потежок степен;

12. болести на срцето и крвните садови:

а) валвуларни мани во фаза на еволуција или субдекомпензација;

б) сите кардиопатии во фаза на субдекомпензација;

в) други потешки органски болести на срцето, нестабилна ангина пекторис и трети и четврти стадиум на опструктивни болести на периферните артерии;

г) состојба со изразито фиксиран висок крвен притисок со изразени кардиоцереброренални промени;

13. болести на коските:

остеоартикуларна туберкулоза.

**Б. Климатско лекување на планини и езера**

I. ИНДИКАЦИИ

Климатско лекување на планини и езера е индицирано за следните болести:

1. болести на хематопоезните органи:

а) посилна секундарна анемија по завршеното болничко лекување - двапати по завршеното болничко лекување;

2. неспецифични болести на органите за дишење:

а) полесни и потешки форми на бронхијална астма- трипати во текот на последните пет години;

б) болести на белите дробови трипати последовно по лекување со хируршка интервенција и со дополнително лекување;

в) хроничен бронхитис, опструктивен, со потешки и средни вентилациони оштетувања - двапати во текот на последните пет години;

3. болести на ендокриниот систем:

а) M.Basedow и хипертиреоза во ремисија постигната со лекување - двапати во последните пет години;

4. психички растројства;

а) реактивни психонервози со соматски симптоми - како продолжение на болничко лекување - двапати во последните пет години;

5. туберкулоза на белите дробови и на други органи:

а) излечена туберкулоза на белите дробови или на други органи, смирена со активно лекување - двапати во текот на последните пет години;

б) туберкулоза на белите дробови излекувана со хируршка интервенција и со дополнително лекување - двапати во текот на последните пет години;

в) туберкулоза на серозите по исчезнување на сите манифестации на активитет - двапати во текот на последните пет години;

г) туберкулозни заболувања на окото по примената специјална терапија - двапати во текот на последните пет години.

6. ревматска треска во фаза на рековалесценција - еднаш.

II.КОНТРАИНДИКАЦИИ

Лекување на планини и езера е контраиндицирано за следните болести:

1. сите акутни тешки болести придружувани со фебрилитет или без него;

2. неуспешно лекување на малигни тумори и на нестабилизирани малигни хемопатии;

3. сите облици на туберкулози на белите дробови и на други органи со знаци на активитет;

4. нелекувани пернициозни анемии;

5. кахектични и дементни состојби;

6. опсесивно - фобични нервози;

7. облици на акутен нефритис и субдекомпензирани состојби на бубрезите;

8. непроодни мочни патишта придружувани со секундарна инфекција и хидронефроза;

9. метрорагија;

10. сите кардиопатии во субдекомпензирана фаза;

11. состојби на изразито фиксиран висок крвен притисок со изразени кардиоцереброренални промени.

Образец бр.1

Република Македонија

ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ________________

Број____________

________19__год.

БОЛЕСНИЧКА ЛИСТА

за бањско и климатско лекување на воен инвалид

I.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Презиме и име ________________________________________________

Име на таткото__________________

По л: женски - машки

Година на раѓање__________, лична карта бр.__________ издадена во _______________ 19____ година

Живеалиште________________ ул._____________________бр.__________

Инвалид_________група, со______% инвалидитет, воен - мирновременски.

Носител на "Партизанска споменица 1941" Бр.__________

## II.ИСТОРИЈА НА БОЛЕСТА

1. Анамнеза____________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2. Досегашни лекувања и резултати:

а) бањски и климатски лекувања за последните 5 години (податоците ги запишува подрачната единица во општината од евиденцијата за лекувањето на воениот инвалид)

| Година | Болест | Лекувалиште | Резултати од лекувањето |
|---|---|---|---|
| | | | |

б) лекување на болести за кои се барало бањско и климатско лекување во лекувалиште________________________________________________

3. Сегашни функционални растројувања:__________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

4. Објективни наоди:

Тежина _________ Височина______ Крвен притисок______Пулс______ Se:______

а) клинички наод (срце, бели дробови и др.)______________________________

______________________________________________________________________

б) лабораториски наод (моч,изметиште,желудочен сок итн)__________

______________________________________________________________________

в) хематолошки наод_________________________________________________

г) рендгенски наод и флуорограф______________________________________

д) специјалистички наоди___________________________________________

5. Дијагноза_________________________________________________________

______________________________________________________________________

## III.МИСЛЕЊЕ НА ЛЕКАРОТ

1. Постојат медицински индикации за лекување во бања-на планина и езеро, во траење од ______дена,(да се наведе болеста од Листата на медицинските индикации и контраиндикации за бањско и климатско лекување)________________________________________________________

2. Лекувањето треба да се изврши во (да се наведе специјализираната здравствена организација во која во лекувањето се применува и природен фактор, друга здравствена организација во која лекувањето се врши претежно со природен фактор, односно организација основана за одмор и рекреација во која во лекувањето се применува природниот фактор)_________________________________________

______________________________________________________________________

3. Нема услови за бањско и климатско лекување од следните причини:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Место______________

На____________19___ год. м.п. ________________________________
(потпис на лекарот и факсимил)

## IV. МИСЛЕЊЕ НА ЛЕКАРСКАТА КОМИСИЈА

1.Мислење на лекарската комисија дадено на ________19___ година

2.Постојат медицински индикации и се одобрува бањско и климатско лекување во траење од _____дена(да се наведе болеста од Листата на медицински индикации и контраиндикации за бањско и климатско лекување)________________________________________

________________________________________

3.Лекувањето ќе се изврши во (да се наведе лекувалиштето)________

________________________________________

4.Нема услови за бањско и климатско лекување од следните причини:

________________________________________

________________________________________

________________________________________

5.Воениот инвалид има - нема право на придружник за време на бањското и климатското лекување.

6.Воениот инвалид има - нема право на придружник за време на патувањето на бањско и климатско лекување.

Согласен со мислењето на лекарската комисија(да-не)

1.)________________________
2.)________________________
3.)________________________

________________________
(Потпис на воениот инвалид) м.п. (Потписи на членовите на лекарската комисија)

На___________19___ год.

## V.МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА НА ЛЕКАРИ-ВЕШТАЦИ

1.Приговорот на воениот инвалид на мислењето на лекарската комисија за бањско и климатско лекување во 19___ година е основан и постојат медицински индикации (да се наведе болеста од Листата на медицинските индикации и контраиндикации за бањско и климатско лекување) за лекување во бања - на планина и езеро)

________________________________________

________________________________________

2.Приговорот на воениот инвалид на мислењето на лекарската комисија за лекување во 19____година е неоснован од следните причини:________________________________________

________________________________________

________________________________________

3.Лекувањето ќе се изврши во (да се наведе лекувалиштето):

________________________________________

4.Воениот инвалид има - нема право на придружник за време на бањското и климатското лекување.

5.Воениот инвалид има - нема право на придружник за време на патувањето на бањско и климатско лекување.

На__________19___год.

1.)________________________
2.)________________________
3.)________________________

м.п.

(Потписи на членовите на лекарската комисија)

## VI.ПОДАТОЦИ ЗА БАЊСКОТО И КЛИМАТСКОТО ЛЕКУВАЊЕ

Лекувалиште____________________________________________
Број на лекарскиот дневник_____________________________

## Л Е К А Р С К И Д Н Е В Н И К

Наод при доаѓањето на лекување
на ______19____година

Тежина_______ Височина_________Крвен притисок______Пулс_____Se _____
Бели дробови____________________ срце______________________________
Други наоди_______________________________________________________
Лабораториски наоди_______________________________________________
Дијагноза_________________________________________________________
Терапија__________________________________________________________
Диета_____________________________________________________________

### ТЕК НА ЛЕКУВАЊЕТО

| Датум | Наод | Se | Терапија | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Бањско-климатска | Друга |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Наод при заминување од лекување________________________________________
_______________________________________________________________________

Тежина______ Височина_____Крвен притисок______Пулс______Se_________
Бели дробови_____________________ срце_____________________________
Резултат од лекувањето (излечен, подобрен,непроменет,влошен,летален)
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

Мислење на лекарот_____________________________________________________
_______________________________________________________________________

Лекувањето е започнато на_________ 19___ година
Лекувањето е завршено на_________ 19___ година
Вкупно денови_____________________

м.п. ____________________
(Потпис на лекарот)

## VII.ПОТВРДА ОД ИНВАЛИДОТ ЗА БАЊСКОТО И КЛИМАТСКОТО ЛЕКУВАЊЕ

Потврдувам дека во лекувалиштето____________________________________
поминав на лекување од_______ 19___ до _______19____ година заклучно,
или вкупно________дена.

Место_____________ ________________________
На___________19___год. (потпис на воениот инвалид)

Образец бр.2

ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА

К А Р Т О Н

На бањското и климатското лекување на воениот инвалид ______________ воен инвалид
(име и презиме)

група, ______________
(адреса)

| Година | Дијагноза - назив на болеста | Одобрено лекување во бања на планина и езеро | Успех на лекувањето | Не е одобрено лекување |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I – Скопје објавува дека привремен застапник на тужениот Абдијев Шакиров Сефер со непозната адреса на живеење, го постави адвокатот Јово Вангеловски од Скопје, а по поднесената тужба на тужителот Мурсел Муреселовски од Скопје, Г. Нерези за утврдување право на поранешна сопственост по основ на усмен договор за купопродажба. Вредност неопределена. Наведениот привремен застапник ќе го застапува тужениот во постапката се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот согласно чл. 86 ст. 2 од ЗПП.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, П. бр. 2545/96. (307)

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Милошевска Јасмина, ул. „Мите Богоевски“ бр. 1/6 – Скопје, против Драган Милошевски од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена да се јави во судот или да назначи свој полномошник. Во спротивно неговите интереси ќе ги застапува привремениот застапник Најденова Наташа, адвокат од Скопје, се до правосилното завршување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, П. бр. 2864/96. (306)

---

Пред Основниот суд Скопје II – Скопје се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Насер Хасан застапуван од полномошникот Драган Малиновски, адвокат од Скопје, против тужената Махфиран Хасан од Скопје со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Доколку во овој рок тужената и нејзиниот полномошник не се јават во судот, ќе и биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси до окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, IX. П.бр. 2615/96. (304)

---

Пред овој суд во тек е граѓанска постапка за оспорување и утврдување на татковството по тужбата на тужителот Амим Ибраимовски против тужените Синан Ибраимовски, Енвер Баки и Михане Бакии.

Се повикува тужениот Синан Ибраимовски од с. Студеничани сега со непозната адреса во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд Скопје II – Скопје и во тој рок да назначи свој полномошник. Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена ќе му биде поставен привремен старател.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, VIII. П. бр. 1089/96. (305)

---

Пред Основниот суд Скопје II – Скопје заведен е предмет за расправа на оставината на покојниот Стојановски Велко, починат на ден 02.VIII.1995 год. под О. бр. 861/95. Покрај другите наследници како наследник се јавува и лицето Муса Васа која живее во Австралија и е внука од сестра на покојниот, а со непозната адреса на живеење и престојување.

Се повикува наследничката Муса Васа да се јави во овој суд во рок од една година сметано од денот на објавувањето на судскиот оглас или во истиот рок да достави точна адреса на живеење и престојување. Доколку не се јави во рокот од една година од страна на

судот ќе биде поставен привремен старател кој во смисла на чл. 133 од ЗН ќе се грижи за неговите интереси во текот на оставинската постапка.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, О. бр. 861/95.

---

Пред Основниот суд Скопје II – Скопје е заведен спор за утврдување право на сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителот Данило Лазаровски од Скопје, против тужениот Емин Кадрија од Скопје, ул. „45" бр. 6, нас. Драчево, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена да се јави во судот или да назначи свој полномошник. Во спротивно неговите интереси ќе ги застапува привремен застапник Наташа Најденова, адвокат од Скопје.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, П. бр. 2240/96. (308)

## ОСНОВЕН СУД ВО ВИНИЦА

Пред Основниот суд во Виница се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Снежана Брлетиќ од Виница, ул. „Раде Кончар" бр. 24, против Ивица Брлетиќ од Република Хрватска со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во Судот или да постави полномошник. Во спротивно по истекот на рокот од 30 дена ќе му биде поставен за привремен застапник Катерина Цоневска – стручен соработник во судот, кој ќе го застапува тужениот до окончување на постапката.

Основен суд – Виница, П. бр. 243/96. (295)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд се води постапка за докажување на смртта на лицето Шабани Ѓулфидан од с. Горна Бањица, по предлог на неговиот син Салији Рашит Абдулбари од с. Горна Бањица.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Шабани Рашит Ѓулифидан од с. Горна Бањица во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ" и на огласната табла на судот, да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат за неговиот живот тоа да го соопштат на овој суд.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 182/96. (298)

---

Пред овој суд се води постапка за утврдување на смртта на лицето Адеми Фејзула од с. Врапчиште – Гостивар по предлог на неговиот син Адеми Ибраим од с. Врапчиште – Гостивар, застапуван од Елези Ферат, адвокат од Гостивар.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Адеми Фејзула од татко Зулфи и мајка Фатима, роден на 06.V.1911 година во с. Врапчиште – Гостивар каде имал и постојано место на живеење, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ" и на огласната табла во судот да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат за неговиот живот тоа да го соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена, доколку повиканото лице не се јави, ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 81/96. (299)

## ОСНОВЕН СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред овој суд поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Наиле Фазлиова од Кавадарци, против тужениот Фазли Фазлиов од Кавадарци сега со непозната адреса во Република Австрија

Се повикува тужениот Фазлиов Фазли да се јави пред овој суд во рок од 30 дена и во истиот рок да одреди свој полномошник кој ќе ги застапува неговите права во постапката пред овој суд.

Доколку тужениот во определениот рок не се јави и не го извести судот дека определил свој полномошник судот ќе му одреди полномошник од редот на адвокатите во Кавадарци кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Кавадарци, П. бр. 463/96. (300)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е покрената постапка за утврдување на постоење на договор за купопродажба по тужба на тужителите Исани Ариф и Исани Ѓилша и двајцата од Куманово со стан на ул. „Борис Кидрич" бр. 25, против тужените Спасиќ Анѓа, Петровиќ Даринка, Поповиќ Петар и Поповски Драган, сите со непознато престојувалиште, а со последно престојувалиште на ул. „Борис Кидрич" бр. 25. Вредност на спорот неопределена.

Се повикуваат тужените да во рок од 30 дена се јават во судот. Во спротивно ќе им биде поставен привремен застапник Јадранка Јовановска, стручен соработник при Основниот суд во Куманово, до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Куманово, IV П. бр. 1335/96. (301)

## ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Се повикува лицето Тане Тасиќ од с. Дрмени, со последно место на живеење во Буенос Аирес – Аргентина, како секој друг што знае за него или за неговиот живот да се јави во Основниот суд во Ресен во рок од три месеци по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ". Во спротивно неговата смрт ќе се прогласи по постапката што следува.

Од Основниот суд во Ресен, Впп. бр. 59/96. (302)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води сопственички спор по тужбата на Амзо Асани од с. Челопек против Шахине Асани од с. Челопек и други.

Се повикуваат тужените Исмаил Асан Асани и Идриз Асан Асани, двајцата од с. Челопек сега на непозната адреса во Австрија односно Швајцарија да се јават на Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок да одредат полномошник. Во спротивно преку Центарот за социјална работа Тетово ќе им биде одреден привремен застапник кој ќе ги застапува до правосилно окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 612/96. (296)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за одредување на издршка по тужбата на тужителот Елмедине Арбен и Шасине Мустафа, сите од Тетово, ул. „Мирче Ацев" бр. 39, против Али Мустафа од Тетово.

Се повикува тужениот Али Лиман Мустафа од Тетово, ул. „К. Ј. Питу" бр. 11, сега со непозната адреса

во Бугарија, да се јави на Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да одреди полномошник. Во спротивно преку Центарот за социјална работа во Тетово ќе му биде одреден привремен застапник кој ќе го застапува до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 832/96. (297)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Аднан Руси од Тетово, ул. „101" бр. 6, против тужената Дашурије Бедридин Руси од Призрен СР Југославија, со непозната адреса.

Се повикува тужената да се јави во судот, достави точна адреса, или да одреди полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок судот на тужената ќе и постави привремен старател преку ЦСР – Тетово.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 844/96. (303)

---

## ОГЛАСИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ

Врз основа на чл. 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за трансформација на претпријатијата и Задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, ЗПТП „ДУБРОВО" од с. Дуброво објавува

### ОГЛАС
### ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ НАСЛЕДНИЦИ ЗА ПОБАРУВАЊА НА СВОИ ИМОТИ

1. ЗПТП „ДУБРОВО" од с. Дуброво ги повикува поранешните сопственици и нивните наследници кои имаат побарувања на свои имоти од претпријатието, во рок од 60 дена да ги пријават. Рокот тече од денот на објавувањето на огласот.

2. Пријавувањата се вршат на посебен образец пропишан од агенцијата на Република Македонија.

Образецот истовремено се доставува до ЗПТП „Дуброво" с. Дуброво и до Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на Република Македонија.

---

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Р. Македонија" бр. 38/93) и член 4 од Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште („Службен весник на РМ" бр. 19/96), Живинарската задруга „Јонче Ѓорѓиевски" с. Дихово – Битола, објавува

### ОГЛАС
### ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА ЗАШТИТА НА СВОИТЕ ПРАВА

1. Живинарската задруга „ЈОНЧЕ ЃОРЃИЕВСКИ" с. Дихово – Битола, ги повикува поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на Република Македонија, доколку имаат да ги пријават своите побарувања кон претпријатието, во рок од 60 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

2. Седиштето на Живинарската задруга „Јонче Ѓорѓиевски" е во с. Дихово – Битола.

3. Пријавувањето на побарувањата се врши на образец пропишан од Агенцијата на Република Македонија, со Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за заштита на правата на поранешните сопственици и нивните правни наследници во постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Сл. весник на РМ" бр. 3/94) кој истовремено се доставува до Агенцијата на Република Македонија во Скопје на улица „Илинден" бб и до Живинарската задруга „Јонче Ѓорѓиевски" с. Дихово – Битола.

---

## ОБЈАВИ

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал РЖ – „Скопје" – ГРИНЗ – ДОО – Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 30.07.1996 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „16-та Македонска бригада" број 18, во време од 7,30 до 14,00 часот секој работен ден.

---

## СОДРЖИНА


942. Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје . . . 2791
943. Решение за именување вршител на должноста директор на ЈП за берзанско работење „Агро – берза" – Скопје . . . 2791
944. Решение за именување директор на Републичката управа за ветеринарство . . . 2791
945. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на ЈП за берзанско работење „Агро – берза" – Скопје . . . 2791
946. Решение за назначување помошник на министерот за одбрана . . . 2792
947. Правилник за изменување на Правилникот за образецот и постапката за издавање и за одземање на службени легитимации на јавните обвинители и нивните заменици . . . 2792
948. Правилникза изменување на Правилникот за образецот и постапката за издавање и за одземање на службени легитимации на судиите и службените лица во судот и на службените лица во Министерството за правда – Сектор за судство . . . 2793
949. Правилник за бањско и климатско лекување на воени инвалиди . . . 2793


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија – Скопје. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје**